**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
- Градоначалник -
Бр. 11-1081/3 од 06.05.2025 година
Чучер Сандево

# **Р Е Ш Е Н И Е**

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува **Проектна Програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање градежна парцела со намена Е2.4–Згради и комплекси на воздушниот сообраќај (хангар за авиони) на кп.бр.2621/1 К.О.ГЛУВО БРАЗДА и пристапен пат, Општина Чучер Сандево**, со проектен опфат од 1704 м2.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот **Оливер Ивановски** на ден 29.04.2025 година, поднесе Барање за одобрување, **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање градежна парцела со намена Е2.4–Згради и комплекси на воздушниот сообраќај (хангар за авиони) на кп.бр.2621/1 К.О.ГЛУВО БРАЗДА и пристапен пат, Општина Чучер Сандево**, тех.бр. **тех.бр. 364/24** од **април 2025 година**, изработена од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје, со лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0096 од 15.03.2024 година на неопределено време.

Комисијата за урбанизам на Општина Чучер-Сандево, формирана со Решение бр. 09-939/1 од 26.06.2023 година, согласно член 38 став (8) и Член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), на ден 05.05.2025 година, достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, Предлог за одобрување на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за формирање градежна парцела со намена Е2.4–Згради и комплекси на воздушниот сообраќај (хангар за авиони) на кп.бр.2621/1 К.О.ГЛУВО БРАЗДА и пристапен пат, Општина Чучер Сандево.**

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Против ова решение незадоволната страна може да изјави посебна жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
Бојана Палифровска миа

**Одобрил од правен аспект:**
Румена Соколиќ

**Градоначалник на**
**Општина Чучер Сндево**,
Сашко Комненовиќ